**Неофицијален пречистен текст**

# ОДЛУКА
# ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА УЧЕСТВОТО НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА ВО ВКУПНИТЕ ТРОШОЦИ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСЛУГИ И ЛЕКОВИТЕ

(„Службен весник на Република Македонија“ број 48/2001, 52/2001, 17/2005, 47/2005, 86/2007, 102/2007, 151/2007, 9/2009, 22/2009, 65/2010, 20/2012, 26/2012, 54/2012, 98/2013 и 156/2014)

Член 1

Со оваа одлука се утврдува висината на учеството на осигурените лица со лични средства во вкупните трошоци при користењето на здравствените услуги и лековите.

Член 2

Висината на учеството на осигурените лица со лични средства во вкупните трошоци при користењето на здравствените услуги и лековите се утврдува на:

| Вредност на здравствените услуги - лековите | Партиципација |
|---|---|
| 1. За секој лек од Листата на лекови издадени на товар на Фондот (за 1 рецепт) и за секој ампуларен лек со шприцеви и игли (за целосна терапија на одредено заболување по секој налог) во примарната здравствена заштита - | |
| за вредност до 25.00 денари - | |
| - за вредност од 26.00 до 50.00 денари | 5.00 |
| - за вредност од 51.00 до 75.00 денари | 10.00 |
| - за вредност од 76.00 до 100.00 денари | 15.00 |
| - за вредност од 101.00 до 150.00 денари | 20.00 |
| - за вредност од 151.00 до 200.00 денари | 25.00 |
| - за вредност од 201.00 до 300.00 денари | 40.00 |
| - за вредност од 301.00 до 400.00 денари | 50.00 |
| - за вредност од 401.00 до 500.00 денари<br>- за вредност од 501.00 до 700.00 денари | 70.00<br>90.00 |
| - за вредност од 701.00 до 1,000.00 денари | 120.00 |

| | |
|---|---|
| - за вредност од 1,001.00 до 1,500.00 денари | 160.00 |
| - за вредност од 1,501.00 до 2,000.00 денари | 240.00 |
| - за вредност од 2,001.00 до 2,700.00 денари | 280.00 |
| - за вредност од 2,701.00 до 3,000.00 денари | 300.00 |
| - за вредност од 3,001.00 до 3,500.00 денари | 340.00 |
| - за вредност од 3,501.00 до 4,000.00 денари | 390.00 |
| - за вредност од 4,001.00 до 4,500.00 денари | 500.00 |
| - за вредност од 4,501.00 до 5,000.00 денари | 550.00 |
| - за вредност над 5,000.00 денари | 600.00 |
| 2. Домашно лекување по посета | 100.00 |
| 3. Превоз со санитетско возило според медицинска индикација, освен за итна медицинска помош: - | |
| - на подрачјето на здравствената установа | 50.00 |
| - надвор од подрачјето на здравствената установа до 50 км. во еден правец | 200.00 |
| - надвор од подрачјето на здравствената установа над 50км. во еден правец | 500.00 |
| - надвор од Република Македонија | 20% од утврдената референтна цена [1] |
| 4. Превоз со санитетско возило по барање на граѓанин | Полна цена |

Член 2а

Средствата наплатени по основ на учество на осигурените лица со лични средства во вкупните трошоци при користење на здравствени услуги и лековите во здравствената установа од примарна здравствена заштита кадешто надоместокот за обезбедените здравствени услуги се плаќа по капитација, не се пресметани во надоместокот за капитација.

Средствата од став 1 на овој член остануваат во здравстввената установа.

Член 3

[1] Измена извршена со одлука објавена во Сл.весник 65/2010

Висината на учеството на осигурените лица со лични средства во вкупните трошоци на здравствените услуги за лекување и санирање на болестите на устата и забите (освен заботехнички забнопротетички средства предвидени со Правилникот за индикациите за остварување на право за ортопедски и други помагала), се утврдува на:

| **Здравствени услуги во примарна здравствена заштита** | **Партиципација** |
|---|---:|
| Вадење на млечен заб | 100,00 |
| Вадење на траен заб | 200,00 |
| Тешко вадење на заб | 300,00 |
| Пломбирање на заб со амалгам (нонгама) | 200,00 |
| Пломбирање на заб со композитен материјал (композитна пломба) | 450,00 |
| Пломбирање со двокомпонентна обична бела пломба | 260,00 |
| Ендодонска терапија | 400,00 |
| Останати стоматолошки услуги освен превентивните | 200,00 |
| Прва помош (трепанција-апликација на лек) | 150,00 |
| Пломбирање со нано композит | 600,00 |

[2]

Член 4

Осигуреното лице учествува во вкупните трошоци на здравствените услуги во специјалистичко - консултативна и болничка здравствена заштита, согласно со утврдените референтни цени и тоа:

1. За здравствени услуги во специјалистичко – консултативната и болничката здравствена заштита,
До 100,00 денари.......................................................................................... -
Од 101,00 до 300,00 денари ............................................................................ 20,00
Од 301,00 до 500,00 денари ............................................................................ 40,00
Од 501,00 до 700,00 денари ............................................................................ 60,00
Од 701,00 до 1.000,00 денари .......................................................................... 80,00
Од 1.001,00 до 2.000,00 денари ......................................................................150,00
Од 2.001,00 до 3.000,00 денари ...................................................................... 250,00
Од 3.001,00 до 4.000,00 денари ...................................................................... 350,00
Од 4.001,00 до 5.000,00 денари ...................................................................... 450,00
Од 5.001,00 до 6.000,00 денари ...................................................................... 550,00
Од 6.001,00 до 8.000,00 денари ...................................................................... 700,00

[2] Извршени се повеќе измени на табелата, објавени во Сл. весник 151/2007, Сл. весник 9/2009 и Сл. весник 22/2009

Од 8.001,00 до 10.000,00 денари ........................................................................ 900,00
Од 10.001,00 до 15.000,00 денари ................................................................... 1.250,00
Од 15.001,00 до 20.000,00 денари ................................................................... 1.700,00
Од 20.001,00 до 25.000,00 денари ................................................................... 2.200,00
Од 25.001,00 до 30.000,00 денари ................................................................... 2.700,00
Од 30.001,00 до 35.000,00 денари ................................................................... 3.200,00
Од 35.001,00 до 40.000,00 денари ................................................................... 3.700,00
Од 40.001,00 до 45.000,00 денари ................................................................... 4.200,00
Од 45.001,00 до 50.000,00 денари ................................................................... 4.700,00
Од 50.001,00 до 55.000,00 денари ................................................................... 5.200,00
Од 55.001,00 до 60.000,00 денари ................................................................... 5.700,00
Над 60.000 денари .......................................................................................6.000,00

2. За здравствени услуги во геронтолошки заводи по болнички ден ...................10,00

3. За рехабилитација како продолжено болничко лекување во специјализирана установа- по болнички ден ............................................... 200,00

4. Лабораториски услуги (биохемиски анализи од БА1 до БА10, БА11/16, БА13 и БА 16/3)..................................................................... 20% од утрдената референтна цена.

5. Хемодијализен третман согласно Упатството за начинот на вршење на здравствената дејност која се однесува на лекувањето со дијализа ......................... 1 денар.[3]

Член 5

По исклучок од член 2, член 3 и член 4 од оваа одлука, осигурените лица не плаќаат учество со лични средства во трошоците за лековите и услугите дадени како итни постапки во моментот на отстранување на непосредна опасност по живот.

Член 6

Средствата за учеството на осигурените лица во вкупните трошоци на здравствените услуги и лековите од членовите 2 и 4 од оваа одлука, во врска определени заболувања утврдени со посебни програми, освен за лековите од Листата на лекови издадени на рецепт во примарната здравствена заштита и за лекувањето во странство, се обезбедуваат преку програмите со учество на Владата на Република Македонија.

Член 7

[3] Измени извршени со одлуки објавени во Сл.весник 102/2007, 20/2012, 26/2020, 54/2012, 98/2013 и 156/2014

Осигурените лица кои во текот на една календарска година платиле учество во специјалистичко-консултативна и болничка здравствена заштита во износ повисок од 70% од просечната месечна нето плата остварена во Републиката во претходната година се ослободуваат од плаќање на учество при натамошно користење на здравствените услуги, совен за лековите од Листата на лекови издадени на рецепт во примарната здравствена заштита и за лекувањето во странство.

Член 8

Осигурените лица чиј месечен нето[4] приход во семејството е помал од просечната нето плата остварена во Републиката во претходната година, кои во текот на една календарска година платиле учество во специјалистичко-консултативна и болничка здравствена заштита во износ повисок од 40% од просечната месечна плата остварена во Републиката во претходната година, се ослободуваат од плаќање на учество при натамошно користење на здравствените услуги, освен за лековите од Листата на лекови издадени на рецепт во примарната здравствена заштита и за лекувањето во странство.

Осигурените лица чиј месечен нето[5] приход во семјеството е помал од 60% од просечната нето плата остварена во Републиката во претходната година, кои во текот на една календарска година платиле учество во специјалистичко-консултативна и болничка здравствена заштита во износ повисок од 20% од просечната месечна плата остварена во Републиката во претходната година, се ослободуваат од плаќање на учество при натамошно користење на здравствените услуги, совен за лековите од Листата на лекови издадени на рецепт во примарната здравствена заштита и за лекувањето во странство.

Осигурените лица од 1 до 5 години возраст, кои во текот на една календарска година платиле учество во специјалистичко-консултативна и болничка здравствена заштита во износ повисок од 20% од просечната месечна плата остварена во Републиката во претходната година, се ослободуваат од плаќање на учество при натамошно користење на здравствените услуги, совен за лековите од Листата на лекови издадени на рецепт во примарната здравствена заштита и за лекувањето во странство.

Осигурените лица од 5 до 18 години возраст и лица постари од 65 години, кои во текот на една календарска година платиле учество во специјалистичко-консултативна и болничка здравствена заштита во износ повисок од 40% од просечната месечна плата остварена во Републиката во претходната година, се

[4] Измена извршена со одлука објавена во Сл.весник 138/2014
[5] Измена извршена со одлука објавена во Сл.весник 138/2014

ослободуваат од плаќање на учество при натамошно користење на здравствените услуги, совен за лековите од Листата на лекови издадени на рецепт во примарната здравствена заштита и за лекувањето во странство.

Член 9

Ослободувањето од член 7 и 8 од оваа одлука се врши со решение на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, врз основа на вкупниот нето [6] приход во семејството и вкупниот износ на платеното учество за користени здравствени услуги во специјалистичко-консултативната и болничката здравствена заштита.

Член 10

За наплатеното учество здравствената установа на осигуреното лице му издава потврда.

Потврдата од став 1 на овој член содржи: број на потврдата, презиме и име на осигуреното лице, матичен број, број на здравствена легитимација, број на лекарскиот дневник, вид на услуга, износ на наплатено учество, дата, потпис на овластеното лице и печат на здравствената установа.

Член 11

Контрола на спроведувањето на оваа одлука обезбедуваат директорот на здравствената установа и Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

Член 12

Се овластува стручната служба на Фондот да изготви упатство за примена на оваа одлука.

Член 13

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се објави по добивање на согласност од министерот за здравство.

Член 14

---

[6] Измена извршена со одлука објавена во Сл.весник 138/2014

(Член 2 од одлуката објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр, 102/2007)

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се објави по добивање на согласност од министерот за здравство.

Член 15

(Член 2 од одлуката објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр, 151/2007)

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивање на согласност од Министерот за здравство, а ќе се применува од 01.01.2008 година.

Член 16

(Член 2 од одлуката објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр, 9/2009)

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“, ќе се објави по добивање на согласност од Министерот за здравство, а ќе се применува од 01.02.2009 година.

Член 17

(Член 2 од одлуката објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр, 22/2009)

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивање на согласност од министерот за здравство.

Член 18

(Член 3 од одлуката објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр, 65/2010)

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Член 19

(Член 2 од одлуката објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр, 20/2012)

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", ќе се објави по добивање на согласност од министерот за здравство, а ќе се применува од 01.03.2012 година.

Член 20

(Член 2 од одлуката објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр, 54/2012)

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство, а ќе се применува од 1 мај 2012 година.

Член 21

(Член 2 од одлуката објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр, 98/2013)

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", ќе се објави по добивање на согласност од министерот за здравство, а ќе се применува од 01.01.2014 година.

Член 22

(Член 3 од одлуката објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр, 138/2014)

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија" а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Член 23

(Член 2 од одлуката објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр, 156/2014)

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство, а ќе се применува од 1 ноември 2014 година.